ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр. 02-690/11
04.02.2020 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19 и 14/20), Секретарот на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, донесе

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат по интерен оглас број 01/2020

1.За извршител на работно место:
- **Раководител на Сектор за поддршка на Градоначалникот**, како прво рангиран кандидат се избира **Моника Петрова Велјанова**, со освоени вкупно 35,05 бода.

2.Именуваната од точка 1 на оваа одлука ќе биде вработена на работното место **Раководител на Сектор за поддршка на Градоначалникот** во Сектор за поддршка на Градоначалникот по завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа одлука.

## О б р а з л о ж е н и е

Во врска со Интерниот оглас бр.01/2020, објавен на веб страната на општината и Агенцијата за администрација на ден 30.01.2020 година за вработување на административен службеник на работно место - **Раководител на Сектор за поддршка на Градоначалникот** во Сектор за поддршка на Градоначалникот, Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник, формирана со Решение бр.02-690/6 од 03.02.2020 година, донесено од страна на Секретарот на општината, по спроведената административна селекција и спроведеното интервју со кандидатот, изготви финална ранг листа, која заедно со предлогот за избор на прво рангираниот кандидат ја достави до Секретарот.

Врз основа на доставениот предлог се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, односно денот на приемот на одлуката.

**СЕКРЕТАР,**
**ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје**
**Маја Ралевска**

Доставено до:
-Административен службеник;
-Одделение за управување со човечки ресурси.